РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 114/10
19.09. 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 38 седница одржана на 10.09.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Ветеринарна медицина", прв и втор циклус интегрирани студии (360 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1.Се акредитира студиската програма „Ветеринарна медицина", прв и втор циклус интегрирани студии (360 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 360 ЕКТС кредити и со академски назив: Доктор по ветеринарна медицина /во меѓународен промет, академски назив: Doctor of veterinary medicine, DVM.

Научно - истражувачко подрачје: 4 Земјоделски и ветеринарни науки; Научно – истражувачко поле: 4.03 Ветеринарни науки, Научно – истражувачка област: 4.03.00.01 Анатомија на животни, 4.03.00.02 Биофизика, 4.03.00.03 Физиологија, 4.03.00.04 Хистологија и ембриологија, 4.03.00.05 Микробиологија и имунологија, 4.03.00.06 Молекуларна биологија, 4.03.00.07 Патолошка морфологија и судска ветеринарна медицина, 4.03.00.08 Патолошка физиологија, 4.03.00.09 Болести на преживни животни, 4.00.03.10 Болести на непреживни и мали животни, 4.03.00.11 Болести на живина, 4.03.00.12 Болести на риби, пчели и дивеч, 4.03.00.13 Фармакологија и токсикологија, 4.03.00.14 Паразитни волести, 4.03.00.15 Заразни болести со епидемиологија, 4.03.00.16 Радиобиологија, 4.03.00.17 Хиругија, офтамологија и ортопедија, 4.03.00.18 Рентгенологија и физикална терапија, 4.03.00.19 Репродукција на животни, 4.03.00.20 Терапија и и здраствена заштита на животни, 4.03.00.21 Зоохигиена и заштита на животна средина, 4.03.00.22 Безбедност на храна и ветеринарно јавно здраство, 4.03.00.23 Исхрана и диететика, 4.03.00.24 Управно ветеринарство, 4.03.00.25 Историја и етика, деонтологија во ветеринарната медицина, 4.03.00 26 Хемија во ветеринарна медицина, 4.03.00.27 Одгледување и наследно болести кај животните, 4.03.00.28 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 50 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-143/5 од 29.01.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Ветеринарна медицина", прв и втор циклус интегрирани студии (360 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје,, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-111 на 30.01.2025 година (наш бр. 08 - 114/1 од 30.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 23-та седницата одржана на 17.02.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 114/9 од 11.09.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 38-та седница одржана на 10.09.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски